Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 10.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4809 | 1 | |

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-4784/1 од 07.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

во 15:17

# ПРЕДЛОГ
## за изрекување мерка

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-4784/1 од 07.10.2016 година, емитуван во периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик (кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-4784/1 од 07.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 75-б од Изборниот законик.

## Образложение

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за надзор(мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-4784/1 од 07.10.2016 година, емитуван во период од 22 септември до 1 октомври 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-4784/1 од 07.10.2016 година, емитуван во период од 22 септември до 1 октомври 2016 година, Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека согласно наведениот член 75-б од Изборниот законик „известувањето за работата на државните органи, органи на општини и на град Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања ... не смее да биде во функција на изборно претставување“. Во програмата на овој радидифузер во мониторираниот период се забележани по овој законски основ 7 прекршувања.

Така, во Алфа вестите во 17:30 часот на 22 септември, емитуван е прилог: „Млад земјоделец“ годинава субвенционирани 124 млади лица“, со кој претседателот на партијата ВМРО ДПМНЕ говори за спроведувањето на владината мерка. Во тие вести е емитуван и прилог под наслов: „Над 2.500 лекари испратени на обука во странство“, кој е владин проект.

Во Алфа вестите во 17:30 часот емитувани на 24 септември, во прилог насловен како „Груевски со партиски активности во Куманово“ претставена е посетата на лидерот на ВМРО ДПМНЕ во придружба на министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски и директорот на Агенцијата за млади и спорт Марјан Спасески. При тоа активностите на Агенцијата и на Министерството за здравство се преставени како активности на партијата.

Во Алфа вестите во 17:30 емитувани на 25 септември, активностите на Владата одново се претставени како активности на партијата преку прилог во кој е претседателот на партијата Никола Груевски („Груевски: проектот Македонија вработува 2 тече со одлична динамика“).

Во Алфа вестите во 17:30 часот емитувани на 29 септември, емитуван е прилог: „Ново зголемување за 670 денари на пензиите од декември“, каде претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски најавува владина мерка за пензионерите и ја коментира како партиска и истовремено најавува спроведување мерка за младите.

Во Алфа вестите во 17:30 часот емитувани на 30 септември, емитуван е прилогот: „Партиски активности: Груевски во обиколка на Свети Николе“, каде е присутен претседателот на партијата ВМРО ДПМНЕ во придружба со министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски, кој пред камерата му реферира на својот партиски лидер за тоа како напредуваат работите на т.н. експресен пат Велес - Штип. Во истите вести, емитуван е и посебен прилог, иако најавен од терен под наслов „Најавена изградба на три експресни патишта од 200 милиони евра“, во кој се чита изјавата на Никола Груевски кој најавува владини активности во сообраќајот.

Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатира дека со наведените прилози постои прекршување по основ на член 75-б од Изборниот законик.

Врз основа на претходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири _______________
2. Љубомир Костовски _______________
3. Горан Трпеноски _______________